FINANCE THINK OUT OF THE BOX

# КОМЕНТАР COMMENT

Бр. 28



## На ребалансот за Буџет на Северна Македонија за 2020 година

18 мај 2020

Владата го усвои Ребалансот на Буџетот на 15 мај 2020. Ребалансот беше **очекуван,** но донесен со значајно задоцнување, во контекст на потребата тој да ја демонстрира посветеноста на Владата кон кратење на сите непродуктивни трошења и трошења кои изгубија приоритет во контекст на кризната состојба.

Finance Think ги дава следните коментари, за аспекти од ребалансот на Буџетот:

- Ревидираната проекција за **пад на економијата од 3.4%** е коректна и во линија со предвидувањето на Finance Think од 11 април 2020. Сепак, оваа стапка е со понатамошни надолни ризици, што негативно може да се рефлектира и врз приходната страна на буџетот во третиот и четвртиот квартал, што може да предизвика потреба од втор ребаланс.
- **Падот на даночните приходи** е резултат на намалената економска активност. Но, истовремено, ризикот од пораст на даночната евазија е нагласен. Оттука, неопходно е во следниот период фокусот да се стави врз засилена контрола и санкционирање на даночната евазија.
- **Буџетскиот дефицит** е очекуван и е директен резултат на негативните последици врз економијата од појавата на Ковид-19. Тоа наметнува и потреба за изготвување оптимален план за негово финансирање во тековната година, но и редизајнирање на планот за среднорочно финансирање на јавниот долг. Неминовно, задоволувањето на оваа голема потреба од финансирање ќе ја наметне и потребата да се дискутира за ревидирање на даночни стапки по стивнувањето на првиот удар на кризата.
- Расходите наменети за Ковид-19 програмата се коректно димензионирани, со голем **потенцијал за нивно зголемување** во третиот квартал, заради потребата од воведување дополнителни мерки за делување на среден и долг рок, вклучително и мерки за поддршка на извозно-ориентираните компании.
- **Кратењето на вкупните расходи е недоволно.** Во услови кога постои неодложна потреба за поголеми трошења за справување со негативните последици од корона-кризата и истовремено голем пад на приходите, скратените постојни расходи се недоволни да ги компензираат зголемените трошоци сврзани со Ковид-19. **Само 68% од трошоците за Ковид-19 се покриваат со скратените расходи.**
- **Приоритизацијата во намалувањето на трошењата во зависност од нивното развојно значење не е рефлектирана во ребалансот на**

Finance Think – 2020 All right reserved.

**буџетот.** Напротив, очигледниот напор да не се скратат ставки на тековни трошења, од кои дел се сметаат за непродуктивни, може да се толкува како **предизборен**. На пример, буџетската ставка за стоки и услуги е намалена за 8.7% во споредба со иницијалниот буџет, а платите и надоместоците за 1.4%, или севкупно 0.9% намалување во однос на вкупниот планиран буџет за 2020 година. За споредба, кратењето кај капиталните расходи е скоро двојно поголемо, 18% во споредба со иницијалниот план или 1.8% од буџетот за 2020 година. Последново не кореспондира со најавите за интензивирање на извршувањето на капиталните расходи на државата, па дури и отпочнување планирани проекти за 2021 и 2022 во тековнава година. Имајќи ја предвид кризната состојба, кратењето на непродуктивните трошоци треба да биде радикално и одлучно, не само за да осигури фискален простор за финансирање на мерките сврзани со Ковид-19, туку и да испрати јасен сигнал кон економските агенти дека државата води посветена и конзистентна фискална политика во услови на криза.

- **Капиталните расходи се на удар во овој ребаланс, како што тоа беше случај и во последната деценија и повеќе.** 65% од вкупните скратени расходи се од оваа ставка. Дел од таквото кратење е поради неможноста да се донесе системско решение за менаџирање и планирање на капиталните расходи во изминатиот период, како на пример среднорочното планирање, а кое експертската јавност и меѓународните институции го укажуваа во повеќе наврати. Второ, кратењето доаѓа и поради веќе-вообичаеното надувување на овие трошења во иницијалното планирање на Буџетот. Трето, за очекување е дека поради воведените рестриктивни мерки и новонастанатата кризна состојба, активностите за реализација на дел од капиталните расходи ќе забават.
- Анализата на пропорционалноста на кратењата на трошоците по буџетски корисник и програми е невозможно да се направи во моментот, поради немање доволно информации и увид на целокупниот документ на ребалансот на Буџетот. Оттука, **транспарентноста сврзана со ребалансот на Буџетот е поткопана.** Доколку надлежното министерство ги објави овие информации, Finance Think ќе ја прошири оваа анализа.

Finance Think – 2020 All right reserved.